Ненад Инчевски е ученик во средно-образовниот теолошки центар Св. Климент Охридски во Скопје, којшто постои од 1967 година. Македонската Православна Богословија е расадник на квалитетни свештеници и богомислители, коишто со генерации го градат Телото Христово на нашиве простори

...



# ЧОВЕКОТ-СЀ УШТЕ ЧОВЕК ИЛИ ЛАДНОКРВНО БИТИЕ?!




Атомска бомба во Хирошима, Прва, Втора светска војна, војни низ Блискиот Исток, војни на Балканот, гладни и боси луѓе низ целиот свет - трагедии кои кога ќе се споменат го распаруваат срцето, нѐ оставаат без зборови; но сепак стоиме рамнодушни, без ниедна солза да ни го накваси образот. Стоиме збунети, не знаејќи како да реагираме, дури и при самата помисла на овие човечки или поточно речено нечовечки дела.

Прашањето е од каде човекот толкава способност и огромна желба да го уништи останатото човештво околу него. Бог не ни го дарил тоа, но затоа пак, ѓаволот полека но сигурно ја всадува во нас сета потреба да се соочуваме, натпреваруваме и до смрт уништуваме еден со друг. И додека Светата Црква, Библијата и Светите отци ни понудија живот во кој би живееле можеби не толку раскошно, но сепак мирно, безгрижно и со љубов околу нас - светот, науката и желните за власт ни понудија раскош кој го сметаме како најважен сегмент од животот, а во истиот пакет ни ги спакуваа грижите, војните и желбата за власт.

Потпомогнато од лукавиот тоа дело зазема видна позиција во општеството, го зазема пиедесталниот трон од каде како крал царува со целото човештво.
Бидејќи и самиот човек како несовршено дело е неспособен, а можеби и не сака да го рециклира доброто од злото, исчезна ли во него и последниот СВЕТ ЗДИВ? Самиот Бог можеби и го допушти сето ова, но само со една причина, а тоа е слободната волја, која несомнено не сака да ни ја одземе. Бедниот човек во крајност Го загуби Бога во себе, а со тоа се загуби и себеси како оној кој е создаден да извршува добро, а не зло. Предавајќи се на ѓаволот, започнувајќи да ја извршува неговата волја, започна немилосрдно да маршира над секоја педа земја, при тоа уништувајќи сè пред себе. Губејќи ја верата во себе, го изгуби и чувството на вина, па и не се грижи толку дали поради него некој ќе страда, престана да се плаши и од Самиот Бог, па се измислија најразлични приказни дека Бог не постои, за само да се дотолчи и последната мисла што го потсетуваше на Него.
Тешки времиња дојдоа, а уште потешки ќе доаѓаат. Ние само продолжуваме да газиме по патот којшто ни изгледа полесен, безбедно се движиме низ мермерната патека не знаејќи дека на крајот нè чека ОГНЕНА ВРАТА, а зад таа врата оној на кого дури ни името не треба да му се споменува. Но верувајте дека доцна ќе ни биде да се покаеме штом ја минеме таа порта. Тогаш целосно заминуваме во вечната пропаст.
Нема ден да помине, а на нашите медиуми да не се споменат нови загинати, нови војни, братоубиства, караници, тепачки, криминал. Смртта демнее над нас на секој чекор. Кој од нас би излегол слободно, безгрижно да се прошета, а при тоа да не успее да ги забележи сите намуртени лица, да ги забележи оние што се возат наоколу со модерни автомобили - во споредба со бедните просјаци за корка леб. И како се чувствуваме тогаш?
Исто - рамнодушно, а и како би се чувствувале кога како компјутер сме програмирани со мислата ‘што можам јас како единка против целата околина?’ Не можам да помогнам многу, но треба барем да се трудам да си помогнам себеси - да се оградам од сета онаа сатанска еуфорија којашто владее околу мене!?



И наместо да им се придружам на оние лицемерни нечовечки суштества што ме опкружуваат, треба внимателно да се пробивам низ нив за да го најдам патот кон Бога. Можеби многумина ќе се обидат да ме турнат во бездната, или ураганот на страстите да ме закачи со себе, но сепак само со помош на молитвата би си ја искупил душата. Зошто да не се трудиме да помогнеме? Зошто само одмагаме? Тоа е токму заради тоа што сме Го исклучиле Бога од нашиот разум. ‘Па и што ќе ни е Он?’, си велиме. ‘Што ќе ни е сега некојси Господ во кого верувала баба ми? Таа верувала бидејќи немала што друго да прави, немала телевизор, компјутер, мобилен, немала диско-клубови па затоа и верувала. А јас зарем сега при толкава техника ќе се замарам со Бога?’
Заблуда, ништо повеќе! Ваквото размислување е заблуда. Треба да речеме што ќе ни е техниката кога Го имаме Бога! На секоја ТВ-програма гледаме само насилство и блудство, кои ништо друго не прават туку само во нас ги распалуваат стаститe. И како во машина за перење ни го перат мозокот учејќи дека тоа е нормално и како такво треба да се прифати.
Растеме, созреваме и секој ден прераснуваме во луѓе коишто повеќе наликуваат на монструми отколку на луѓе.
Малкумина се оние меѓу нас што ќе го следат патот на некој светител, а ние останатите со нив си поигруваме, ги исмејуваме и им го отежнуваме патот по којшто одат, наместо да земаме од нив пример.
Од сето ова може да се заклучи дека да се живее денес не е толку лесно, а да се опстане и утре е уште потешко, не за друго туку заради самата наша склоност кон злото. Лесно е на крајот да се заклучи одговорот на прашањето:

„Дали човекот е сè уште човек?“

Ненад
Инчевски